**Архивски број: 08-513/9**
**Датум: 27-11-2025 година**

Врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) и став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), постапувајќи по Претставка бр. 08–513/1 од 18.06.2025 година, поднесена од страна на -----, со адреса на живеење на -----, ----- преку полномошник Адвокат ----- од ----- против ЈЗУ Општа болница -----, -----, в.д. директор на ЈЗУ Општа болница ----- и д-р -----, началник на одделние во ЈЗУ Општа болница -----, за сторена дискриминација врз основа на возраст и друга основа во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на возраст и друга основа во областа на работата и работните односи од страна на ЈЗУ Општа болница -----, -----, в.д. директор на ЈЗУ Општа болница ----- и д-р -----, началник на одделние во ЈЗУ Општа болница ----- кон ----- од -----.**

## Образложение

Од страна на лицето ----- од ----- преку полномошник Адвокат ----- од ----- на ден 18.06.2025 година до Комисијата е поднесена Претставка за заштита од дискриминација врз основа на возраст и друга основа во областа на работата и работните односи сторена од страна на ЈЗУ Општа болница -----, -----, в.д. директор на ЈЗУ Општа болница ----- и д-р -----, началник на одделение во ЈЗУ Општа болница -----, заверена со бр. 08-513/1. Истата доуредена со Доуредување на 17.07.2025 година, заверено со бр. 08-513 /3, по барање на Комисијата со бр. 08-513/2 од 09.07.2025 година.

Во претставката и во нејзиното доуредување, подносителката наведува дека е на возраст од 65 години со 25 години работен стаж како ----- во ЈЗУ Општа болница ----- и началник на Оддел -----, од која работна позиција била сменета една година пред поднесување на претставката и за началник била поставена д-р -----. Понатаму, во претставката наведува дека несоодветниот однос, односно „голготата" кон нејзе започнува токму од тој момент, кога д-р ----- е поставена за началник така што изготвувањето на распоредите за дежурства го вршела без никаков редослед, распоредот не бил фиксен туку бил менуван по сопствена желба од страна на д-р -----, така што подносителката била со најмалку дежурства во викенд или на државен празник. Подносителката во претставката наведува дека од страна на д-р ----- била одбиена по однос на барањето својот преостанат годишен одмор да го користи во период, со кратко образложение дека распоредот веќе бил направен. Дава и кратко резиме на претходните пракси во врска со начинот на користење на преостанат


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

годишен одмор, и дека при изготвување на распоредот не била исконсултирана, а како лице кое го посочува на кое му било дозволено користење на преостанатиот дел од годишниот одмор на два пати во текот на месец јуни е д-р -----, и тоа еден дел во период кога и подносителката побарала да користи годишен одмор. Наведува дека од страна на началничката распоредот бил менуван во неколку наврати, а последната верзија била направена на 30.05.2025 година. Со тоа, и било оневозможено да објави термини за „Мој термин", да го објави календарот на активности кој се праќа во Министерството за здравство, а со тоа и биле и изместени и сменети и нејзините и плановите на нејзиното семејство за користење на годишен одмор. Подносителката наведува дека за напред наведената ситуација го известила и директорот на болницата, ----- и доставила писмено Молба, но одговор од негова страна нема добиено. Како прилог кон претставката, подносителката доставува:

- Молба од д-р ----- од -----.2025 година, во ЈЗУ Општа болница ----- заверена со бр. ----- од -----.2025 година;
- Молба од д-р ----- од -----.2025 година, со забелешка од Раководител на оддел (нечитка дата);
- Извадоци од распоред;

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата достави Барање за произнесување по наводите од претставката заверено со бр. 08-513/4 од 22.08.2025 година до ЈЗУ Општа болница -----, а Барање за произнесување достави и до д-р -----, заверено со бр. 08-513/5 од 26.08.2025.

ЈЗУ Општа болница ----- достави Одговор на барањето за произнесување, во Комисијата заверено со бр. 08-513/7 од 15.09.2025 година, во кое наведува дека внатрешната организација во болницата е утврдена со правилник за внатрешна организација бр. ----- од ------ година, донесен од страна на Управниот одбор на болницата, каде е утврдено формирањето на Одделот за ----- со две посебни одделенија, Одделение за ----- и Одделение за -----. Во произнесувањето се наведува дека подносителката согласно позитивните законски норми со Решение за распоредување бр. ----- година, е распоредена на работно место Раководител на одделение за ----- при Одделот за -----, кое Решение содржело и правна поука со која се дава и право на жалба, но од страна на подносителката на претставката не е искористено тоа право. Понатаму, наведуваат дека работното време, организацијата на дежурствата, приправноста и прекувремената работа во болницата се уредени со Одлука бр. ----- година донесена од страна на тогашниот в.д. директор врз основа на Заклучок на Управниот одбор на болницата, а начинот на користење на годишниот одмор на вработените се регулира согласно одредбата од член 141 од Законот за работни односи.

Во своето Произнесување, во Комисијата заверено со бр. 08-513/8 од 15.09.2025 година, д-р ----- првенствено ги отфрла сите наводи од претставката на подносителката како неосновани, а како аргумент за тоа доставува во прилог во копија:

- Молба од д-р ----- од -----.2025 година и од -----.2025 година;


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

- Распоред за октомври, ноември, декември 2024 година, јануари, февруари, март, април, мај, јуни, јули и август 2025 година за Одделот;
- Распоред за дежурства и отсуства (годишен одмор, боледувања) за д-р -----.

Во врска со приложените барања за користење на годишен одмор, преостанат дел од годишниот одмор за 2024 година на д-р -----, д-р ----- дава образложение дека истите се одбиени од причина што не се во согласност со закон, односно дека од страна на д-р ----- првенствено е побарано да користи преостанат дел од годишен одмор за 2024 година во периодот од ----- до -----.2025 година, иако согласно Законот за работни односи е уредено дека истиот може да се искористи најдоцна до 30 јуни. Наведеното барање не е одобрено, по што д-р ----- е отсутна поради боледување во периодот од ----- до -----.2025 година. Потоа на -----.2025 година д-р ----- поднела ново барање за искористување на преостанатиот дел од годишен одмор за 2024 година за во периодот од -----.2025 година, кое повторно и е одбиено од истата причина како и за претходното барање. Во врска со распоредот на смени и дежурства д-р ----- наведува дека истиот се прави до средината на тековниот месец за наредниот месец, но посочува дека истите се менувани поради отсуствата на д-р -----, која користи денови од годишен одмор или е на боледување на неколку дена пред дежурство, поради што постои нужна потреба за промена на распоредот.

* * *

Земајќи ги во предвид сите наводи и докази изнесени во претставката на подносителот и доуредувањето, како и содржината на произнесувањето на потенцијалните дискриминатори, Комисијата ценеше дека врз основа на возраста и друга основа во областа на работата и работните односи од страна на потенцијалните дискриминатори кон лицето д-р ----- не се сторени дејствија кои претставуваат дискриминација, во смисла на одредбата од членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со која се утврдува дефиницијата на дискриминација, и тоа: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*.

Одредбата од став (3) од член 141 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 3/06, 3/06, 44/06, 65/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), гласи: *„Работодавачот е должен на работникот да му обезбеди искористување на две непрекинати работни недели годишен одмор до крајот на тековната календарска година, а остатокот до 30 јуни*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*идната година.“*, а ставот (4) од истиот член гласи:. *„Годишниот одмор којшто не бил искористен во тековната календарска година заради отсутност поради боледување или повреда, породилен одмор или одмор за нега и чување на дете, работникот има право да го искористи до 30 јуни идната календарска година.“*. Па така, согласно наведеното, од страна на потенцијалните дискриминатори не се сторени дејствија кои претставуваат дискриминација, ниту се прекршени одредбите од член 141 од Законот за работните односи, туку напротив, истите постапиле во согласност со истите. Во врска со распоредот на смени и дежурства видно од приложените, може да се констатира еднаква распределба на дежурства меѓу докторите на одделот, а од истите може да се видат и периодите на отсуства (и типот на отсуство – боледување, годишен одмор итн.), што предизвикува измена на распоредите.

Согласно се погоре наведено, Комисијата се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

**Скопје,**
**25.11.2025 година**

**Комисија за спречување и заштита**
**од дискриминација**
**Претседател**
**Душан Томшиќ**

**Доставено до:**
- -----;
- ЈЗУ Општа болница -----;
- -----;
- Архива на Комисијата;


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk